# КОИ СЕ МОИТЕ ПРАВА?

Имате право да знаете кои здравствени податоци се чуваат за вас, како и зошто тие се добиени и за што се користат.

Можете да побарате да ги видете вашите здравствени документи и да побарате да ги измените ако тие се погрешни. Исто така, можете да побарате вашите здравствени документи да се испратат на друга служба која доставува здравствени услуги.  Ако вашето барање се одбие, имате право да добиете писмено објаснување.



За повеќе информации во врска со вашите права или ако сакате да пополнете формулар за жалба, отидете на **hcc.vic.gov.au**

Телефонирајте на **1300 582 113** меѓу 9 ч. наутро и 5 ч. попладне, од понеделник до петок, за да разговарате за вашата жалба.

HEALTH COMPLAINTS COMMISSIONER



HEALTH COMPLAINTS COMMISSIONER

# МОИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ ДОКУМЕНТИ МОИТЕ ПРАВА

Macedonian | Македонски

**Подржуваме безбедна здравствена нега која ги задоволува етичките норми.**



# КОЈ ГИ ПОСЕДУВА ПОДАТОЦИТЕ ЗА МОЈАТА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА?

Сите установи кои доставуваат здравствени услуги, на пример, болници и заболекари како и сите установи кои не доставуваат здравствени услуги, на пример, училишта, осигурителни компании и државни агенции собираат податоци за здравствената состојба на лицата.  Тие може да чуваат медицински истории, резултати од проверки, свидетелства за боледување, списоци на лекарства и многу повеќе. Ако тие треба да подготват извештај, тие ги имаат сите податоци.

# КОИ СЕ НИВНИТЕ ОБВРСКИ?

Податоците за вашата здравствена состојба треба да се земаат со ваша дозвола и да се користат само за целта за која ќе се користат. За да може да ги користат овие податоци за цели кои не се поврзани со здравството, тие мора да добијат дозвола за тоа од вас.

Нивните податоци треба да бидат точни, најнови и соодветни за работата на тие што ги земаат.  Тие мора да ги чуваат податоците, да ги даваат на други служби и да ги отстрануваат безбедно со цел да ја зачуваат вашата доверливост. Ако службата што ви нуди услуги се пресели на друго место или ако престане да работи, тогаш таа мора да поднесе јавна изјава.

# НА КОЈ НАЧИН МОЖАМ ДА ИМАМ ПРИСТАП ДО МОИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ ДОКУМЕНТИ?

Најпрво, ќе треба да стапите во контакт со службите кои ги имаат вашите здравствени документи.  Ако не сте задоволни од начинот на кој тие ќе ви одговорат, можете да поднесете жалба.

The Health Complaints Commissioner (Повереник за жалби во врска со здравствени услуги) ги разгледува жалбите против доставувачите на здравствени услуги и било кои приватни организации кои поседуваат здравствени податоци за лица во Викторија.

Жалбите во врска со тоа како јавните здравствени организации постапуваат со здравствените документи одат кај Повереник за слободен пристап до информации.

Нашата служба може да ви помогне да имате пристап до вашите здравствени документи или да ги поправите, да добиете објаснување, извинување и враќање на парите што сте ги платиле, и дури да се измени начинот на кој службата постапува со здравствените податоци.

Нашите услуги се бесплатни, доверливи и праведни.

**Контактирајте не**

За повеќе информации во врска со вашите права или ако сакате да пополнете формулар за жалба, отидете на **hcc.vic.gov.au**

Телефонирајте на **1300 582 113** меѓу 9 ч. наутро и 5 ч. попладне, од понеделник до петок, за да разговарате за вашата жалба.

Посетете не или обратете ни се по писмен пат на следната адреса:  Level 26, 570 Bourke Street, Melbourne Victoria 3000

Дали сте глуви, или имате оштетен слух или говор? **relayservice.gov.au**

Дали ви е потребен преведувач? TIS National: **131 450**

Информациите во оваа брошура се од општа природа и не се наменети да се користат како правни совети